Me dispozitat e Kapitullit VIII të Ligjit të Ndërmjetësimit, rregullohet përbërja e Këshillit Nacional, mandati i anëtarëve të Këshillit Nacional, fushëveprimi i punës së Këshillit Nacional dhe mjetet e punës.

Според член 70 став (1) од Законот за медијација, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, Владата ќе именува национален координатор за медијација и ќе спроведе постапка за избор на членови на Советот, согласно со одредбите од членот 64 од овој закон. Според став (2) од истиот член, во рок од три месеци по конституирање, Советот ќе ја утврди методологијата за евалуација на работата на медијаторите, согласно со одредбите од овој

Sipas nenit 70 paragrafi (1) të Ligjit të Ndërmjetësimit, në afat prej tre muajsh nga data e hyrjes në fuqi të këtij ligji, Qeveria do të emërojë koordinator nacioanal për ndërmjetësim dhe do të zbatojë procedurën për zgjedhjen e anëtarëve të Këshilli, në përputhje me dispozitat e nenit 64 të këtij ligji. Sipas paragrafit (2) të të njëjtit nen, në afat prej tre muajsh pas konstituimit, Këshilli do të përcaktojë metodologjinë për vlerësimin e punës së ndërmjetësuesve, në përputhje me dispozitat e këtij ligji dhe do të sjellë akte për punët nga fushëveprimi i punës.

закон и ќе ги донесе актите за работите од својот делокруг на работа.

Според член 71 од Законот за медијација, подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Sipas nenit 71 të Ligjit të Ndërmjetësimit, aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të sillen në afat prej tre muajsh nga data e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Националниот координатор беше именуван со Решение бр.14-5540/1 од 21 јуни 2022 година, на Владата на Република Северна Македонија, донесено шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за медијација, формирањето на Националниот совет дополнително доцнеше. Имено со Решение бр.14-7774/1 од 6 септември 2022 година, на Владата на Република Северна Македонија „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.201 од 15.9.2022 година, ги именуваше членовите и секретарот на Националниот совет за медијација, по истекот на цели девет месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за медијација. Националниот совет својата прва седница ја одржа на 26.9.2022 година, во просториите на Владата на Република Северна Македонија.

Koordinatori Nacional ishte emëruar me Aktvendimin nr.14-5540/1 datë 21 qershor 2022, të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, të sjellë gjashtë muaj pas hyrjes në fuqi të Ligjit të Ndërmjetësimit, formimit të Këshillit Nacional u vonua më tej. Përkatësisht, me Aktvendimin nr. 14-7774/1 datë 6 shtator 2022, të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 201, datë 15.9.2022, i emëroi anëtarët dhe sekretarin e Këshillit Nacional të Ndërmjetësimit, pas kalimit të nëntë muajve nga data e hyrjes në fuqi të Ligjit të Ndërmjetësimit. Këshilli Nacional seancën e parë e mbajti më 26.9.2022, në hapësirat e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, сосема е извесно дека ниту еден рок, па ниту рокот уреден со членот 68 од Законот за медијација, не може да се толкува како преклузивен рок од причина што сите рокови се инструктивни. Притоа, сосема евидентно е дека Националниот совет за медијација како тело на Владата не било формирано во рокот определен во Законот за медијација, па медијаторите кои до денот на влегувањето во сила на Законот за медијација, се стекнале со лиценца за извршување на медијаторски работи, немале кому да ги доставуваат барањата за продолжување на лиценците, ниту услови да го остварат своето право согласно Законот во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот и да поднесат барање за замена на временски

Duke pasur parasysh të gjithë të lartpërmendurën, është plotësisht e sigurt se asnjë afat, madje as afati i rregulluar me nenin 68 të Ligjit të Ndërmjetësimit, nuk mund të interpretohet si afat prekluziv për arsye se të gjitha afatet janë udhëzuese. Pastaj, është mjaft evidente se Këshilli Nacional për Ndërmjetësim si trup i Qeverisë nuk është formuar brenda afatit të përcaktuar në Ligjin e Ndërmjetësimit, kështu që ndërmjetësuesit të cilët deri në ditën e hyrjes në fuqi të Ligjit të Ndërmjetësimit, kanë marrë licencën për kryerjen e punëve ndërmjetësuese, nuk kanë pasur se kujt tia dorëzojnë kërkesat për vazhdimin e licencave, as kushte për të ushtruar të drejtën e tyre sipas Ligjit brenda gjashtë muajve nga dita e hyrjes në fuqi të ligjit dhe të parashtrojnë kërkesë për zëvendësimin e

ограничените лиценци за работа, со лиценци на неопределено време.

Подзаконските акти во врска со работата на Националниот совет за медијација, беа донесени 10 месеци по конституирањето на Националниот совет, во јуни 2023 година, но истите заради пропусти во постапката на Националниот совет не биле објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и не можеле да произведуваат правно дејство, заради што истите поминале процес на поништување и повторно нивно донесување во февруари 2024 година, од кога формално правно биле создадени услови за замена на временски ограничените лиценци со лиценци на неопределено време.

Националниот совет за медијација, во периодот од влегувањето во сила на Законот за медијација 4.1.2022 година, до неговото формирање и започнување со работа во септември 2022 година, немал своја архива каде медијаторите кои се стекнале со лиценца за медијатор до влегувањето во сила на Законот за медијација би ги поднеле барањата за замена на временски ограничените лиценци со лиценци на неопределено време.

Имајќи ги предвид наведените одредби и воопшто настанатите проблеми во врска со задоцнетото основање и функционирањето на Националниот совет за медијација, а од друга страна уредениот рок од шест месеци за остварување на правото на медијаторите да поднесат барања за замена на временски ограничените лиценци со лиценци на неопределено време, Владата на Република Северна Македонија смета дека рокот уреден со членот 68 од Законот за медијација, како и сите други рокови утврдени во преодните одредби на Законот за медијација не би можеле да се толкуваат како преклузивен рок и истите не се причина за различно толкување или постапување, поради што му предлага на

licencave të punës me afat të kufizuar me licenca me kohëzgjatje të pacaktuar.

Aktet nënligjore lidhur me punën e Këshillit Nacional të Ndërmjetësimit ishin sjellë 10 muaj pas konstituimit të Këshillit Nacional, në qershor të vitit 2023, por të njëjtët për shkak të lëshimeve në procedurën e Këshillit Nacional, nuk ishin botuar në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe nuk mund të prodhonin veprim juridik, për këtë arsye ata kaluan në procesin e anulimit dhe ri sjelljen e tyre në shkurt të vitit 2024, prej kur u krijuan kushtet formale ligjore për zëvendësimin e licencave të kufizuara me licenca me kohëzgjatje të pacaktuar.

Këshilli Nacional i Ndërmjetësimit, në periudhën nga hyrja në fuqi e Ligjit të Ndërmjetësimin më 4.1.2022, deri në formimin e tij dhe fillimin e punës në shtator 2022, nuk ka pasur arkivin e tij ku ndërmjetësuesit që kanë marrë licencën e ndërmjetësimit deri në hyrjen në fuqi të ligjit të ndërmjetësimit, do mund ti parashtronin kërkesat për zëvendësimin e licencave të kufizuara me licenca për kohëzgjatje të pacaktuar.

Duke pasur parasysh dispozitat e theksuara dhe problematikat që janë shfaqur në përgjithësi në lidhje me vonesën e themelimit dhe funksionimit të Këshillit Nacional të Ndërmjetësimit, dhe nga ana tjetër afatin e përcaktuar prej gjashtë muajsh për realizimin e së drejtës së ndërmjetësve të parashtrojnë kërkesa për zëvendësimin e licencave të kufizuara me licenca me kohëzgjatje të pacaktuar, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut konsideron se afati i përcaktuar me nenin 68 të Ligjit të Ndërmjetësimit, si dhe të gjitha afatet tjera të përcaktuara në dispozitat kalimtare të Ligjit të Ndërmjetësimit nuk mund të interpretohet si afat parandalues dhe të njëjtat nuk janë arsye për interpretim apo veprim tjetër, prandaj i propozon

Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на член 68 од Законот медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21).

**Точка 21**

Владата ја разгледа Иницијативата од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.104/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 245 став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23) и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека овластувањето на министерот за правда да ја пропишува/утврдува висината на реално направените трошоци за полагање на испитот за извршител, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од испитот, изготвување на материјали и покани, уверенија и надоместок за работата на членовите и секретарот на Комисијата, која го спроведува испитот за извршители и изготвување на уверенијата, нема уставна основа.

Подносителот наведува дека Законот за извршување, не содржел никакви мерила и критериуми за определување на било какви „реално“ направени трошоци, ниту пак истите биле пропишани за утврдување на надоместок за работа на членовите и секретарот на Комисијата која го спроведува испитот за извршители, односно министерот ги утврдил и самите критериуми и мерила за определување на висината на трошоците и надоместокот за работа и би можело да се смета дека на министерот за правда му е дадено и овластување да пропишува критериуми за

Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut që të mos e pranojë Kërkesën për interpretim autentik të nenit 68 të Ligjit të Ndërmjetësimit (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 294/21).

**Pika 21**

Qeveria e shqyrtoi Nismën nga Oliver Davidovski nga Shkupi, të dorëzuar në Gjykatën Kushtetuese të Republikës së Maqedonisë së Veriut me Nr.k.104/2024 për fillimin e procedurës për vlerësimin e kushtetutshmërisë së nenit 245 paragrafi (3) të Ligjit të Përmbarimit (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.72/16, 142/16 dhe 233/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.14/20 dhe 154/23) dhe përcaktoi mendimin në vijim:

Propozuesi i nismës kushtetuese thekson se autorizimi i ministrit të Drejtësisë për të përcaktuar/vendosur shumën e shpenzimeve të bëra reale për dhënien e provimit për përmbarues, të nevojshme për zbatimin e pjesës së parë dhe të dytë të provimit, përgatitjen e materialeve dhe ftesave, certifikatave dhe kompensimit për punën e anëtarëve dhe sekretarit të Komisionit, i cili e realizon provimin për përmbarues dhe përgatitjen e certifikatave, nuk ka bazë kushtetuese.

Parashtruesi thekson se Ligji i Përmbarimit nuk ka përmbajtur asnjë kriter për përcaktimin e shpenzimeve të bëra “realisht” dhe as nuk ishin paraparë për përcaktimin e kompensimit për punën e anëtarëve dhe sekretarit të Komisionit që e zbaton provimin për përmbarues përkatësisht ministri ka vendosur vetë kriteret për përcaktimin e lartësisë së shpenzimeve dhe kompensimit për punë dhe mund të konsiderohet se Ministrit të Drejtësisë i është dhënë autorizimi të përcaktojë kriteret për përcaktimin e lartësisë së shpenzimeve dhe kompensimit për punë të anëtarëve të Komisionit, që mund të nënkuptojë

определување на висината на трошоците и самиот надоместок за работа на членовите на Комисијата, кое нешто би можело да значи навлегување на извршната во законодавната власт, што е спротивно на членот 8 став (1) алинеи 3 и 4, член 91 став (1) алинеи 1 и 5 и член 96 од Уставот на Република Северна Македонија.

depërtim të ekzekutivit në pushtetin legjislativ, që është në kundërshtim me nenin 8 paragrafi (1) paragrafët 3 dhe 4, nenin 91 paragrafi (1) paragrafët 1 dhe 5 dhe nenin 96 të Kushtetuta e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Подносителот на Иницијативата наведува дека не било јасно со каков вид на акт истиот ќе ги определува трошоците и надоместоците, кое нешто ја чинело оспорената законска одредба нејасна н неразбирлива и се оставало простор за арбитрарност во постапувањето, кое нешто било спротивно на начелото на владеење на правото, утврдено како темелна вредност на уставниот поредок.

Parashtruesi i Nismës thekson se nuk ishte e qartë me çfarë lloji të aktit i njëjti do të përcaktonte shpenzimet dhe kompensimet, gjë që e bënte dispozitën e kontestuar ligjore të paqartë dhe të pakuptueshme dhe është lënë hapësirë për arbitraritet në veprim, gjë që ishte në kundërshtim me parimin e sundimit të së drejtës, e përcaktuar si vlerë themelore e rendit kushtetues.

Наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани од следните причини:

Pretendimet e parashtruesit të Nismës janë të pabaza për arsyet e mëposhtme:

Според член 245 став (3) од Законот за извршување, министерот ја утврдува висината на реално направените трошоци за полагање на испит за извршител, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од испитот, изготвување на материјали и покани, уверенија и надоместок за работата на членовите и секретарот на Комисијата, која го спроведува испитот и изготвување на уверенијата. Според став (4) од истиот член, трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката за сопствени приходи на Министерството.

Sipas nenit 245 paragrafi (3) të Ligjit të Përmbarimit, ministri përcakton shumën e shpenzimeve të bëra reale për dhënien e provimit për përmbarues, të nevojshme për zbatimin e pjesës së parë dhe të dytë të provimit, përgatitjen e materialeve dhe ftesave, certifikatave dhe kompensimin për punën e anëtarëve dhe sekretarit të Komisionit, i cili e zbaton provimin dhe përgatitjen e certifikatave. Sipas paragrafit (4) të të njëjtit nen, shpenzimet për dhënien e provimit paguhen në llogarinë e të ardhurave vetanake të Ministrisë.

Според член 249 став (1) од Законот за извршување, испитот се состои од устен и писмен дел.

Sipas nenit 249 paragrafi (1) të Ligjit për Përmbarim, provimi përbëhet nga pjesa me gojë dhe me shkrim.

Според член 251 од Законот за извршување, испитот за извршител се полага пред Комисија, формирана од министерот за правда, составена од пет члена, нивни заменици и секретар. Според став (2) од истиот

Sipas nenit 251 të Ligjit të Përmbarimit, provimi për përmbarues jepet para Komisionit të formuar nga Ministri i Drejtësisë, i përbërë nga pesë anëtarë, zëvendësit e tyre dhe një sekretar. Sipas paragrafit (2) të të njëjtit nen, anëtarët e

член, членовите на Комисијата и нивните заменици ги именува министерот за правда и тоа по еден од редот на извршителите, нотарите, судиите, професорите од правните факултети акредитирани во Република Северна Македонија и од редот на вработените во Министерството за правда кои работат на соодветната област.

Komisionit dhe zëvendësit e tyre emërohen nga Ministri i Drejtësisë, edhe atë një nga një nga radhët e përmbaruesve, noterëve, gjykatësve, profesorëve të fakulteteve juridike të akredituara në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe nga radhët e të punësuarve të Ministrisë së Drejtësisë që punojnë në fushën përkatëse.

Според член 3 од Правилникот за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 13/24), испитот за извршители се полага во априлска, јунска, септемвриска и декемвриска испитна сесија.

Sipas nenit 3 të Rregullores për programin dhe mënyrën e organizimit dhe dhënies së provimit për përmbarues dhe formën dhe përmbajtjen e certifikatës për dhënien e provimit për përmbarues (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 13/ 24), provimi për përmbarues jepet në sesionin e provimit në prill, qershor, shtator dhe dhjetor.

Со одредбата од член 245 став (3) од Законот за извршување, јасно се дадени критериумите за утврдување на висината на реално направените трошоци за полагање на испитот за извршител, кои ги опфаќаат потребните средства за материјали и покани за одржување на испитот, разгледување на документите, доставени од кандидатите за полагање на испитот, трошоците за изготвување на уверенија за положен испит за извршител во кои се опфатени трошоците за набавка на хартија и печатење на уверенијата кои им се даваат на кандидатите кои го положиле испитот за извршител, како и надоместокот за членовите и секретарот на Комисијата за полагање на испитот за извршител.

Me dispozitën e nenit 245 paragrafi (3) të Ligjit për Përmbarim, qartë janë dhënë kriteret për përcaktimin e lartësisë së shpenzimeve realisht të bëra për dhënien e provimit për përmbarues, ku i përfshin mjetet e nevojshme për materiale dhe thirrjeve për mbajtjen e provimit, rishqyrtimin e dokumenteve, të dorëzuara nga kandidatët për dhënien e provimit, shpenzimet për përgatitjen e certifikatave për dhënien e provimit për përmbarues, ku përfshihen shpenzimet e blerjes së letrës dhe shtypjes së certifikatave që u jepen kandidatëve që kanë dhënë provimin për përmbarues, si dhe kompensimin për anëtarët dhe sekretarin e Komisionit për dhënien e provimit për përmbarues.

Според член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19, 110/19 и 154/19), министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови

Sipas nenit 55 të Ligjit të Organizimit dhe të Punës së Organeve të Administratës Shtetërore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 dhe 51/11 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19, 110/19 dhe 154/19), ministri miraton rregullore, urdhëresa, udhëzime, plane, programe, aktvendime dhe lloje të tjera të akteve

акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

për zbatimin e ligjeve dhe rregulloreve të tjera, kur për këtë është i autorizuar me ligj.

Министерот за правда врз основа на овие критериуми уредени со Законот за извршување, донесува решение со кое се определува износот кој кандидатите треба да го платат за полагање на испитот, како и дополнително со решение го определува надоместокот на членовите и секретарот на Комисијата за полагање на испитот за извршители, кој се исплатува од паричните средства кои ги уплатуваат кандидатите за полагање на испитот, а со кои се покриваат сите трошоци за материјали за спроведување на испитот, покани, уверенија и надоместоците за членовите на Комисијата за полагање на испитот. Доколку кандидатите не би ги уплаќале овие парични средства, испитот не може да се спроведе од причина што за полагање на испитот за извршител не се планираат и не се одвојуваат средства од сметката на Министерството за правда.

Ministri i Drejtësisë, në bazë të këtyre kritereve të rregulluara me Ligjin për Përmbarim, sjell aktvendim me të cilin përcaktohet shuma që duhet të paguajnë kandidatët për dhënien e provimit, si dhe me aktvendim plotësues e përcakton kompensimin e anëtarëve dhe sekretarit të Komisionit për dhënien e provimit për përmbarues, i cili paguhet nga mjetet e paguara nga kandidatët për dhënien e provimit, me të cilat mbulohen të gjitha shpenzimet për materialet për zbatimin e provimit, ftesat, vërtetimet dhe kompensimet për anëtarët e Komisionit për dhënien e provimit. Nëse kandidatët nuk do t'i paguanin këto mjete, provimi nuk mund të zbatohet për arsye se nuk për dhënien e provimit për përmbarues nuk planifikohen dhe nuk ndahen mjete nga llogaria e Ministrisë së Drejtësisë.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорената одредба од член 245 став (3) од Законот за извршување е во согласност со член 8 став 1 алинеи 3 и 4, член 91 став (1) алинеи 1 и 5 и член 96 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.104/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 245 став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

Duke pasur parasysh të lartpërmendurën, dispozita e kontestuar e nenit 245 paragrafi (3) të Ligjit të Përmbarimit është në përputhje me nenin 8 paragrafi 1 alinetë 3 dhe 4, nenin 91 paragrafi (1) alinetë 1 dhe 5 dhe nenin 96 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut, prandaj Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut i propozon Gjykatës Kushtetuese të Republikës së Maqedonisë së Veriut të mos e pranojë Nismën nga Oliver Davidovski nga Shkupi, të dorëzuar në Gjykatën Kushtetuese të Republikës së Maqedonisë së Veriut me nr.104/2024 për fillimin e procedurës për vlerësimin e kushtetutshmërisë së nenit 245 paragrafi (3) të Ligjit të Përmbarimit (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 72/16, 142/16 dhe 233/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 14/20 dhe 154/23), përkatësisht të marrë vendim për mos fillimin e procedurës për vlerësimin e kushtetutshmërisë së kësaj dispozite të Ligjit.

**Точка 22**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 23**

**1.** Владата по повод укажувањето на д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, а во врска со Шеесеттата интернационална ликовна изложба во Венеција во 2024 година, во организација на „Венецискотo биенале" (La Biennale di Venezia), го задолжи генералниот конзул и шеф на генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција да го потпише спогодбениот договор за користење на простор со паричен надоместок за време на изложба во објектот Скуола Деи Ланери, во Венеција, а Министерството за култура да ги преземе сите обврски за надзор, спроведување и контрола од Договорот.

2. Владата по однос на подмирувањето на трошоците за лекување и рехабилитација на пациентот Леонид Индов, ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за здравство да изнајдат решение и најдоцна до 26 април 2024 година (петок) да ги подмират трошоците за лекување и рехабилитација на пациентот Леонид Индов.

За направената трансакција до 26 април 2024 година (петок), до 12:00 часот, да го известат м-р Талат Џафери, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

**3.** Владата на предлог на м-р Методија Димовски, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (Оперативната структура за Националната

**Pika 22**

Ndaj kësaj pike nuk kishte propozime.

**Pika 23**

1. Qeveria, me rastin e sugjerimit të dr. Bisera Kostadinovska-Stojçevska, ministre e Kulturës, dhe në lidhje me Ekspozitën e Gjashtëdhjetë Ndërkombëtare të Artit në Venecia në vitin 2024, organizuar nga "Bienalja e Venecias" (La Biennale di Venezia), obligoi Konsullin e Përgjithshëm dhe shefin e Konsullatës së Përgjithshme të Republikës së Maqedonisë së Veriut në Republikën e Italisë, me seli në Venecia, për të nënshkruar marrëveshjen kontraktuale për shfrytëzimin e hapësirës me kompensim në të holla gjatë ekspozitës në ndërtesën Skuola Dei Laneri, në Venecia dhe Ministria e Kulturës të ndërmerr të gjitha obligimet për mbikëqyrjen, zbatimin dhe kontrollin e Marrëveshjes.

2. Qeveria lidhur me shlyerjen e shpenzimeve për shërimin dhe rehabilitimin e pacientit Leonid Indov, ka obliguar Ministrinë e Financave dhe Ministrinë e Shëndetësisë që të gjejnë zgjidhje dhe më së voni deri më 26 prill 2024 (e premte) t'i shlyejnë shpenzimet për shërimin dhe rehabilitimin e pacientit Leonid Indov.

Për transaksionin e realizuar deri më 26 prill 2024 (e premte), deri në orën 12:00, t'a njoftojnë mr. Talat Xhaferi, kryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

3. Qeveria, me propozim të mr. Metodija Dimovski, sekretar i Përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, konkludoi:

- Obligohet Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut (Struktura Operative për Strategjinë Nacionale të

развојна стратегија), по електронска пошта, веднаш, до контакт-лицата од сите министерства, Секретаријатот за европски прашања и Државниот завод за ревизија од мрежата за Националната развојна стратегија, да го достави банерот за Националната развојна стратегија, со цел истиот да се објави на нивната веб-страница со линк кон платформата www.nrs.mk, во рок од пет дена од добивањето на известувањето од Оперативната структура.

4. Владата по Барањето за изменување на Заклучок бр.1, точка 3 од Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 март 2024 година, кој гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 30 дена, да ги обезбеди потребните средства во висина од 10.000.000 (десет милиони) денари со цел упатување на Јавниот обвинител за врски на Република Северна Македонија во Европравда.“, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Јавното обвинителство на Република Северна Македонија потребните средства во висина од 10.000.000 денари да ги обезбеди во рамки на буџетот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за 2024 година со цел упатување на Јавниот обвинител за врски на Република Северна Македонија во Европравда, а Министерството за финансии, финансиските средства во висина од 10.000.000 денари да ги предвиди при првиот ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.“.

5. Владата ја разгледа Информацијата за прекин на реализација на градежни активности на локален пат од с.Здуње до с.Дебреше, Општина Гостивар, финансиран

Zhvillimit) me postë elektronike, menjëherë tek personat kontaktues nga të gjitha ministritë, Sekretariati për Çështje Evropiane dhe Enti Shtetëror i Revizionit nga rrjeti i Strategjisë Nacionale të Zhvillimit, të dorëzojë banerin për Strategjinë Nacionale të Zhvillimit, me qëllim që i njëjti të publikohet në faqen e tyre të internetit me lidhjen në platformën www.nrs.mk, në afat prej pesë ditësh nga marrja e njoftimit nga Struktura Operative.

4. Qeveria ndaj Kërkesës për ndryshim të Konkluzionit nr.1 pika 3 të Seancës së Dymbëdhjetë të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, mbajtur më 26 mars 2024, që thotë:

“Obligohet Ministria e Financave që në afat prej 30 ditëve të sigurojë mjetet e nevojshme në shumë prej 10.000.000 (dhjetë milionë) denarë me qëllim të dërgimit të Prokurorit Publik për lidhje të Republikës së Maqedonisë së Veriut në Eurodrejtësi”, konkludoi i njëjti të ndryshohet dhe të thotë:

“Obligohet Prokuroria Publike e Republikës së Maqedonisë së Veriut mjetet e nevojshme në vlerë prej 10,000,000 denarë t’i sigurojë në kuadër të buxhetit të Prokurorisë Publike të Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024 me qëllim dërgimin e Prokurorit Publik për lidhje të Republikës së Maqedonisë së Veriut në Eurodrejtësi, ndërsa Ministria e Financave, mjetet financiare në vlerë prej 10,000,000 denarë t'i parashikojë në ribalancin e parë të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024.“

5. Qeveria shqyrtoi Informacionin për ndërprerjen e realizimit të aktiviteteve ndërtimore në rrugën lokale nga f. Zdunjë deri në f. Debresh, Komuna e Gostivarit, i financuar

преку Проектот за локални патишта, како материјал за информирање.

përmes Projektit për rrugët lokale, si material për informim.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави копија од:

Në të njëjtën kohë, Qeveria obligoi Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve në Zyrën e Kryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut të dorëzojë kopje të:

- Барањето од Општина Гостивар, со нивен предлог за изведба на локалниот пат со соодветни измени на веќе изведената состојба.

-Kërkesës nga Komuna e Gostivarit, me propozimin e tyre për realizimin e rrugës lokale me ndryshime adekuate të gjendjes së realizuar.

- Известувањето до Надзорниот одбор за прекин на работните активности.

- Njoftimit deri te Bordi Mbikëqyrës për ndërprerjen e aktiviteteve të punës.

**6.** Владата по повод укажувањето на м-р Талат Џафери, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а имајќи ја предвид актуелноста во врска со издавањето на лични документи на граѓаните на Република Северна Македонија, го задолжи Министерството за внатрешни работи на секоја седница на Владата, да доставува Информација/Извештај за бројот на поднесени барања и издадени лични документи.

**6.** Qeveria, me rastin e sugjerimit të mr. Talat Xhaferi, kryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe duke marrë parasysh situatën aktuale lidhur me lëshimin e dokumenteve personale për qytetarët e Republikës së Maqedonisë së Veriut, obligoi Ministrinë e Punëve të Brendshme në çdo seancë të Qeverisë, të dorëzojë Informacion/Raport për numrin e kërkesave të parashtruara dhe dokumenteve personale të lëshuara.

Информацијата/Извештајот да се разгледува како претточка, во делот: „Пред преминување на Дневниот ред“.

Informacioni/Raporti duhet të shqyrtohet si pikë para pikë, në pjesën: "Para kalimit në Rendin e ditës".

**7.** Владата ја разгледа Информацијата за настанат проблем со ненавремено доставување на одговори од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на барањата за мислење за вработување на странски државјани, ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија навремено да постапува и да го почитува рокот од 15 дена за доставување на мислења по барањата од Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, согласно членот 83 став 4 од Законот за странци.

**7.** Qeveria e shqyrtoi Informacionin për problemin e paraqitur me dorëzimin jo në kohë të përgjigjeve të Agjencisë së Punësimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për kërkesat për mendim për punësimin e shtetasve të huaj, miratoi Informacionin dhe obligoi Agjencinë e Punësimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të veprojë me kohë dhe të respektojë afatin prej 15 ditësh për dorëzimin e mendimeve pas kërkesave të Ministrisë së Punëve të Brendshme-Byrosë për Siguri Publike, në pajtim me nenin 83 paragrafi 4 të Ligjit për të Huajt.

**8.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за изменување на заклучок донесен по Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за проектот „Изведба на Клиничка болница-Штип“ за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии да го достави усогласениот предлог со Министерството за здравство во однос на динамиката на плаќањето.

**8.** Qeveria ka shtyrë shqyrtimin e Kërkesës për ndryshimin e konkluzionit të miratuar ndaj Informacionit për prokurimin publik shumëvjeçar për projektin “Ndërtimi i Spitalit Klinik-Shtip” për seancën e ardhshme të Qeverisë, për shkak të nevojës së Ministrisë së Financave të dorëzojë propozimin e harmonizuar me Ministrinë e Shëndetësisë në lidhje me dinamikën e pagesës.

**9.** Владата, по повод одбележувањето на 4 мај, годишнината од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев, делегација од Владата на Република Северна Македонија ќе положи цвеќе на гробот во црквата Свети Спас на 4.5.2024 година (сабота), со почеток во 10:30 часот.

9. Qeveria, me rastin e shënimit të 4 majit, përvjetorit të vdekjes së revolucionarit maqedonas Goce Dellçev, delegacion i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut do të vendosë lule në varrin në kishën e Shën Spasit më datë 4.5.2024 (e shtunë), me fillim nga ora 10:30.

По овој повод Владата ги донесе следните заклучоци:

Me këtë rast, Qeveria miratoi këto konkluzione:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја оформи владината делегација за положување цвеќе, по повод одбележување на годишнината од смртта на македонскиот револуционер, Гоце Делчев.

1) Obligohet Zyra e Kryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, të formojë delegacionin qeveritar për vendosjen e luleve, me rastin e shënimit të përvjetorit të vdekjes së revolucionarit maqedonas, Goce Dellçev.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, одделението за протокол, да ги организира протоколарните активности и да ги извести членовите на делегациите за деталите за одбележувањата. Воедно, да го организира и положувањето на цвеќе и обезбедувањето на соодветен број на венци.

2) Obligohet Zyra e Kryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Njësia e Protokollit, t’i organizojë aktivitete protokollare dhe t’i njoftojë anëtarët e delegacioneve për detajet e shënimeve. Në të njëjtën kohë, të organizohet vendosja e luleve dhe të sigurohet numër përkatës të kurorave.

3) Се задолжува Министерството за одбрана-Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти, како и фанфарист, согласно спецификација на Организациониот одбор.

3) Obligohet Ministria e Mbrojtjes-Shtabi i Përgjithshëm i Armatës së Republikës së Maqedonisë së Veriut, të sigurojë pajisje për vendosjen e luleve dhe gardianëve, si dhe fanfarist, në përputhje specifikimeve të Bordit organizativ.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди: службени возила за лицата членови на делегацијата (доколку има потреба) црвена патека, знамиња, носачи на венец и соодветен број на венци за делегациите на Владата на Република Северна Македонија.

4) Obligohet Shërbimi për Çështje të Përgjithshme dhe të Përbashkët i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut është i obliguar të sigurojë: automjete zyrtare për anëtarët e delegacionit (nëse është e nevojshme) qilim të kuq, flamuj, kurorë dhe numër të përshtatshëm kurora lulesh për delegacionet e Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Секторот за односи со јавност, да обезбеди медиумско покривање на настанот.

5) Obligohet Zyra e Kryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Sektori për Marrëdhënie me Publikun, të sigurojë pjesëmarrjen e mediave në ngjarje.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди Делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

6) Obligohet Ministria e Punëve të Brendshme të sigurojë Delegacionin dhe të marrë masa për shënimin përkatës të ngjarjes.

**Точка 24**

Владата го разгледа Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка и развој на граѓанското општество 2022-2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2023 година, со прилог, како материјал за информирање.

**Pika 24**

Qeveria e shqyrtoi Raportin për progresin në zbatimin e Planit të veprimit për zbatimin e Strategjisë së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim dhe zhvillim të shoqërisë civile 2022-2024 dhe arritjen e qëllimeve strategjike dhe operative në vitin 2023, me shtojcë, si material për informim.

**Точка 25**

Владата го разгледа Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2023 година, како материјал за информирање.

**Pika 25**

Qeveria e shqyrtoi Raportin mbi procesin e konsultimit gjatë përgatitjes së propozim ligjeve, përdorimin e ENER dhe mekanizmave të tjerë për bashkëpunim me organizatat e qytetarëve në vitin 2023, si material për informim.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на изменувањето и дополнувањето на Урбанистички проект за

**Pika 26**

Qeveria e shqyrtoi Informacionin për miratimin e ndryshimit dhe plotësimit të Projektit urbanistik për ndërtesa me interes strategjik për ndërtimin

градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10Д, делница на Автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (км 7+825.81-37+072) од км 7+825 до км 11+740, со пристап до пропратни содржини за патниот коридор, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за одобрување на изменувањето и дополнувањето на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10Д, делница на Автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (км 7+825.81-37+072) од км 7+825 до км 11+740 со пристап до пропратни содржини за патниот коридор, доколку се исполнети условите од сите институции што дале мислење по однос на изменувањето и дополнувањето на урбанистичкиот проект.

Истовремено, Одлуката, редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

e korridorit rrugor 10D, seksioni i autostradës: Prilep-Manastir, Komuna e Prilepit, Komuna e Mogillës dhe Komuna e Manastirit (km 7+ 825.81-37+072) nga km 7+825 deri në km 11+740, me qasje në përmbajtjet përcjellëse për korridorin rrugor, me Propozim-vendim, e miratoi Informacionin dhe me kusht e solli Vendimin për miratimin e ndryshimit dhe plotësimit të Projektit urbanistik për ndërtesa me interes strategjik për ndërtimin e korridorit rrugor 10D, seksioni i autostradës: Prilep-Manastir, Komuna e Prilepit, Komuna e Mogillës dhe Komuna e Manastirit (km 7+ 825.81-37+072) nga km 7+825 deri në km 11+740, me qasje në përmbajtjet përcjellëse për korridorin rrugor, nëse plotësohen kushtet nga të gjitha institucionet që kanë dhënë mendim në lidhje me ndryshimin dhe plotësimin e projektit urbanistik.

Njëkohësisht, Vendimi duhet të harmonizohet në mënyrë redaktuese me Sekretariatin e Legjislacionit.

<u>Точка 27</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг Енерго-систем инсталации ДОО Скопје, како закупец на земјиште, со текст на Договор и предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг Енерго-

<u>Pika 27</u>

Qeveria e shqyrtoi Informacionin në lidhje me Propozim-marrëveshjen për qira afatgjatë të tokës ndërtimore me Shoqërinë për Prodhim, Inxhinieri, Tregti dhe Konsulencë Energo-Sistem Instalime ShPK Shkup, si qiramarrës i tokës, me tekst të Marrëveshjes dhe propozim-vendime dhe e miratoi Informacionin me këto konkluzione:

1. Solli Vendimin për përcaktimin e periudhës së qirasë së tokës ndërtimore në Zonën Zhvillimore Teknologjike-Industriale Shkup 2 dhe për lartësinë e qirasë.

2. Solli Vendimin për dhënien e pëlqimit të Marrëveshjes për qira afatgjatë të tokës ndërtimore me Shoqërinë për Prodhim, Inxhinieri, Tregti dhe Konsulencë Energo-

систем инсталации ДОО Скопје, како закупец на земјиште.

Sistemit Instalime ShPK, Shkup si qiramarrës i tokës.

**Точка 28**

Владата го разгледа Барањето за давање на согласност за размена на државно градежно неизградено земјиште во државна сопственост со градежно неизградено земјиште во сопственост на физички лица, со Предлог-одлука и заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство во рок од 15 дена да достават мислења по материјалот, спогодбите и Одлуката, а Општина Дебар да постапи по добиените мислења.

Истовремено, Владата заклучи материјалот да се разгледа на првата седница на Владата што ќе се одржи по завршувањето на изборниот процес.

**Pika 28**

Qeveria e shqyrtoi Kërkesën për dhënien e pëlqimit për këmbimin e tokës shtetërore ndërtimore të pandërtuar në pronësi shtetërore me tokë ndërtimore të pandërtuar në pronësi të personave fizik, me Propozim-vendim dhe konkludoi:

- Obligohen Ministria e Transportit dhe Lidhjeve, Prokuroria e Shtetit e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Sekretariati i Legjislacionit që në afat prej 15 ditësh të dorëzojnë mendime ndaj materialit, marrëveshjet dhe Vendimit, ndërsa Komuna e Dibrës të veprojë sipas mendimeve të pranuara.

Njëkohësisht, Qeveria konkludoi që materiali të shqyrtohet në seancën e parë të Qeverisë, e cila do të mbahet pas përfundimit të procesit zgjedhor.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавната научна установа Институт за интелектуална сопственост и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Pika 29**

Qeveria e shqyrtoi Propozim-vendimin për ndërprerjen dhe dhënien në përdorim të përkohshëm të sendit të paluajtshëm Institucionit Shkencor Publik Instituti i Pronësisë Intelektuale dhe e solli Vendimin, me konkluzionin që teksti i të njëjtit të harmonizohet me Sekretariatin e Legjislacionit.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Континентал, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од

**Pika 30**

Qeveria e shqyrtoi Informacionin lidhur me Kërkesën e parashtruar për kategorizimin e objekteve hotelierike për akomodim, parashtruar nga Hoteli Kontinental, Shkup, me Propozim-aktvendim, e miratoi Informacionin dhe e solli Aktvendimin për përcaktimin e kategorisë së

втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

objektit hotelierik (për hotel të kategorisë së dytë me katër (4) yje superior).

*

* *

Në seancë u mbajtën shënime stenografike.

Seanca mbaroi në orën 15:00.

**Генерален секретар на Владата**
**на Република Северна Македонија**
**Sekretar i Përgjithshëm i Qeverisë së**
**Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**
**Kryetar i Qeverisë së**
**Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Mr. Talat Xhaferi**